Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

# Извештај за спроведувањето на чекорот „Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување„ од Област на политика 1.РЈА (вклучително и УЈФ) - Подобласт „Управување со јавни финансии„- реформа „Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола", утврден со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан – Реформска агенда за Република Северна Македонија 2024 – 2027

Скопје, ноември, 2025 година

**Извештај за спроведувањето на чекорот „Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување„ од Област на политика 1.РЈА (вклучително и УЈФ) - Подобласт „Управување со јавни финансии„- реформа „Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола“, утврден со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан – Реформска агенда за Република Северна Македонија 2024 – 2027**

Системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор во Република Северна Македонија се воспоставува согласно Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор (Службен весник на РСМ 255/24). Со одредбите од член 1 од Законот се регулира финансиското управување и контрола, внатрешната ревизија и координацијата на активностите за нивното воспоставување и развој, согласно со меѓународните стандарди за внатрешна контрола и ревизија. Со одредбите од член 1 став (2), законот ја уредува и организацијата, стандардите, методологијата, односите и одговорностите на јавните субјекти за воспоставување и спроведување на внатрешна финансиска контрола и воспоставување и функционирање на советодавно тело за внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. Носител на надлежноста за координација на воспоставување и развој на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, согласно член 2 став (1) од горенаведениот закон, е министерот за финансии, а во негово име Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор (Централна единица за хармонизација) во Министерството за финансии. Координацијата од страна на министерот за финансии се врши преку хармонизација и преглед на квалитетот и финансиското управување и контрола и внатрешната ревизија и подготвување на подзаконски акти, прирачници, насоки и други методолошки насоки.

Зајакнувањето на внатрешните финансиски контроли во јавниот сектор, со фокус на процесот на управување со ризици, има клучна улога во промовирањето на одговорноста, преку спречување на измами и злоупотреба на средства, зајакнување на транспарентноста и овозможување ефективно користење на јавните ресурси.

Во оваа насока во Областа на политика 1.РЈА (вклучително и УЈФ) - Подобласт „Управување со јавни финансии„- реформа „Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола“, од Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан

– Реформска агенда за Република Северна Македонија 2024 – 2027, утврден е чекорот: „Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување„ со временска рамка за реализација декември 2025 година. Со целосно исполнување на овој чекор предвидена е финансиска поддршка од ЕУ во износ од 4,281,623.70 евра.

Со цел успешно спроведување на овој чекор од Реформската агенда, Централната единица за хармонизација, во рамки на своите надлежности утврдени со членот 52 од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, во изминатиот период спроведе низа активности. Притоа, од страна на Централната единица за хармонизација, оваа година беше подготвена нова Методологијата за управување со ризици кај јавните субјекти и истата е објавена на официјалната интернет страна на Министерството за финансии. Со цел олеснување на примената на оваа Методологија, со поддршка на Академијата за јавни финансии при Министерството за финансии, Централната единица за хармонизација одржа онлајн обука којашто ја следеа околу 180 вработени (државни советници, раководители на сектори, раководители на одделенија, лица вклучени во структурите за управувања со ризици), повеќето од прва линија на буџетски корисници.

Хронолошки, следствено на претходните активности, Владата на Република Северна Македонија на сто и осумнаесеттата седница,одржана на 7 октомври 2025 година го разгледа „Годишниот извештај за функционирање на системот на јавна внатрешна финансиска контрола за 2024 година“ и по однос на истиот усвои повеќе заклучоци за унапредување на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор. Заклучокот бр. 1, усвоен одВладата, директно е поврзан со предметот на овој извештај, односно со заклучокот: „Се задолжуваат сите буџетски корисници од прва линија од областа на законодавната, извршната и судската власт (централна власт) и фондовите, а им се препорачува на единиците на локалната самоуправа да го воспостават/подобрат процесот на управување со ризици преку документирање на клучните ризици во регистар на ризици вклучително и различните форми на ризици од корупција, со утврдени мерки за нивно намалување и за истото, со доставување на целокупната документација за управување со ризици, да го известат Министерството за финансии - Секторот за централна хармонизација на системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, до 15.10.2025 година“.

Согласно член 14 од Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор, со којшто се уредува управувањето со ризици кај јавните субјекти и следствено на горенаведеното, јавните субјекти го известија Министерството за финансии – Централната единица за хармонизација за постапувањето по горенаведениот заклучок којшто е во директна релација со исполнување на предметниот чекор од Реформската агенда. Централната единица за хармонизација го водешецелокупниот процес на прием, обработка, анализа и евиденција во електронска форма на Регистрите на ризици, добиени од јавните субјекти преку официјални дописи и електронска комуникација. Од сите пристигнати и обработени известувања, утврдено е дека се добиени Регистри на ризици од 62 јавни субјекти.Исто така од извршената посуштинската анализа на Регистрите на ризици, сумарните резултати изразени во бројки се следни:

- Број на утврдени стратешки ризици - 411
- Број на утврдени оперативни ризици - 1432
- Број на утврдени стратешки ризици од корупција - 58
- Број на утврдени оперативни ризици од корупција - 218
- Утврдени мерки за надминување на стратешките ризици - 435
- Утврдени мерки за надминување на оперативните ризици – 1378

Деталниот преглед по институции е претставен во продолжение на извештајот во т.н. Табела за мониторинг.

# ТАБЕЛА ЗА МОНИТОРИНГ

(за чекорот „Минимум 70% од буџетските корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризици, вклучително и антикорупциски ризици, и да ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување“)

| Р.бр | Институција | Регистар на ризици (доставен (1) / не доставен (0)) | Број на утврдени стратешки ризици | Број на утврдени оперативни ризици | Број на утврдени стратешки ризици од корупција | Број на утврдени оперативни ризици од корупција | Утврдени мерки за надминување на стратешките ризици | Утврдени мерки за надминување на оперативните ризици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 1 | 2 | 11 | 0 | 3 | 2 | 11 |
| 2 | АГЕНЦИЈА ЗА РАЗУЗНАВАЊЕ | 1 | | | | | | |
| 3 | СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 1 | 5 | 49 | 2 | 5 | 5 | 49 |
| 4 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 1 | 7 | 25 | 1 | 4 | 7 | 4 |
| 5 | ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА | 0 | | | | | | |
| 6 | ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА | 1 | 0 | 30 | 0 | 2 | 0 | 30 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 7 | КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈА | 1 | 2 | 0 | 1 | 0 | 3 | 0 |
| 8 | АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ | 1 | 3 | 5 | | | 3 | 5 |
| 9 | ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ | 1 | 2 | 1 | | | 2 | 1 |
| 10 | РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ | 1 | 1 | 2 | 1 | 2 | 1 | 2 |
| 11 | СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА | 1 | 1 | 4 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| 12 | КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА | 1 | 0 | 4 | 0 | 4 | 0 | 4 |
| 13 | ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ВО УПРАВНА ПОСТАПКА, ПОСТАПКА ОД РАБОТЕН ОДНОС И ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ВО ВТОР СТЕПЕН | 1 | 5 | 22 | 3 | 1 | 5 | 22 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | РЕВИЗОРСКО ТЕЛО ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТРУМЕНТОТ ЗА ПРЕТПРИСТАПНА ПОМОШ | 1 | 1 | 15 | 0 | 1 | 1 | 15 |
| 15 | ОПЕРАТИВНО - ТЕХНИЧКА АГЕНЦИЈА | 1 | | | | | | |
| 16 | ФИСКАЛЕН СОВЕТ | | | | | | | |
| 17 | УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 0 | | | | | | |
| 18 | ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 1 | 5 | 14 | 0 | 5 | 25 | 52 |
| 19 | СЛУЖБА ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ НА ВЛАДАТА НА РСМ | 1 | 14 | 32 | 4 | 4 | 14 | 32 |
| 20 | СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО | 1 | 2 | 4 | 0 | 2 | 2 | 4 |
| 21 | ДРЖАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 1 | 4 | 2 | 1 | 0 | 4 | 2 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 22 | АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА | 1 | 15 | 27 | 0 | 5 | 15 | 27 |
| 23 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕВРОПСКИ ПРАШАЊА | 1 | 2 | 4 | 0 | 3 | 2 | 4 |
| 24 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДНОСИ МЕЃУ ЗАЕДНИЦИТЕ | 1 | 7 | 38 | 0 | 13 | 7 | 38 |
| 25 | АГЕНЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЗАЕДНИЦИТЕ | 1 | 4 | 10 | 0 | 3 | 4 | 10 |
| 26 | АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ | 0 | | | | | | |
| 27 | ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ | 0 | | | | | | |
| 28 | АГЕНЦИЈА ЗА ПРИМЕНА НА ЈАЗИКОТ | 1 | 3 | 4 | 0 | 1 | 3 | 4 |
| 29 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | | | | | | | |
| 30 | ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ | 1 | 3 | 8 | 1 | 2 | 3 | 8 |
| 31 | ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 0 | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 32 | ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ | 1 | 7 | 84 | 1 | 3 | 7 | 84 |
| 33 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | 0 | | | | | | |
| 34 | АГЕНЦИЈА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ | 1 | | | | | | |
| 35 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 0 | | | | | | |
| 36 | УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ | 0 | | | | | | |
| 37 | УПРАВА ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ | 1 | 3 | 4 | 1 | 1 | 3 | 4 |
| 38 | БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РСМ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА | 0 | | | | | | |
| 39 | МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ И НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА | 0 | | | | | | |
| 40 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 1 | 26 | 115 | 1 | 19 | 26 | 115 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 41 | ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 1 | 11 | 24 | 2 | 6 | 11 | 24 |
| 42 | АГЕНЦИЈА ЗА СТОКОВНИ РЕЗЕРВИ | 1 | 9 | 9 | 1 | 0 | 9 | |
| 43 | УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ | 1 | 21 | 20 | 5 | 0 | 21 | 20 |
| 44 | УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКА ПОЛИЦИЈА | 0 | | | | | | |
| 45 | АГЕНЦИЈА ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНИ НАФТЕНИ РЕЗЕРВИ-МАКОРА | 1 | 3 | 5 | | | 3 | 10 |
| 46 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД | 1 | 3 | 99 | 1 | 13 | 3 | 98 |
| 47 | АГЕНЦИЈА ЗА СТРАНСКИ ИНВЕСТИЦИИ И ПРОМОЦИЈА НА ИЗВОЗОТ НА РСМ | 1 | 16 | 25 | 1 | 4 | 16 | 25 |
| 48 | АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ | 0 | | | | | | |
| 49 | ДИРЕКЦИЈА ЗА ТЕХНОЛОШКИ | 1 | 7 | 19 | 0 | 15 | 7 | 19 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИНДУСТРИСКИ РАЗВОЈНИ ЗОНИ | | | | | | | |
| 50 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ | 1 | 19 | 22 | 0 | 5 | 19 | 22 |
| 51 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА ИНДУСТРИСКА СОПСТВЕНОСТ | 1 | 3 | 5 | 0 | 2 | 3 | 3 |
| 52 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ | 0 | | | | | | |
| 53 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ | 0 | | | | | | |
| 54 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВ О | 1 | 51 | 86 | 10 | 12 | 51 | 86 |
| 55 | АГЕНЦИЈА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО - БИТОЛА | 0 | | | | | | |
| 56 | УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛ ОШКИ РАБОТИ | 1 | 8 | 34 | 1 | 1 | 8 | 34 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 57 | АГЕНЦИЈА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И РУРАЛНИОТ РАЗВОЈ | 1 | 4 | 96 | 1 | 18 | 4 | 95 |
| 58 | АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 0 | | | | | | |
| 59 | МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ | 1 | 27 | 38 | 7 | 7 | 27 | 38 |
| 60 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА | 1 | 8 | 58 | 0 | 4 | 8 | 4 |
| 61 | БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО | 1 | 8 | 6 | 0 | 0 | 13 | 17 |
| 62 | НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ | 0 | | | | | | |
| 63 | МИНИСТЕРСТВО ЗА СПОРТ | 1 | 7 | 53 | 0 | 5 | 7 | 53 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 64 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА | 1 | 10 | 31 | 0 | 0 | 10 | 30 |
| 65 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА | 1 | 3 | 6 | 0 | 4 | 3 | 6 |
| 66 | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА И ТУРИЗАМ | 1 | 1 | 9 | 1 | 2 | 1 | 9 |
| 67 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 1 | 3 | 1 | 1 | 1 | 3 | 1 |
| 68 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 1 | 4 | 22 | 1 | 0 | 4 | 21 |
| 69 | АГЕНЦИЈА ЗА ИСЕЛЕНИШТВО | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 1 |
| 70 | АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР | 1 | 1 | 4 | 1 | 4 | 1 | 4 |
| 71 | КОМИСИЈА ЗА ОДНОСИ СО ВЕРСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ И РЕЛИГИОЗНИ ГРУПИ | 1 | 4 | 7 | 1 | 1 | 4 | 7 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 72 | АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ | 1 | 1 | 16 | 1 | 2 | 1 | 16 |
| 73 | ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА | 1 | 7 | 9 | 0 | 1 | 7 | 9 |
| 74 | ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 1 | 5 | 4 | 0 | 3 | 5 | 4 |
| 75 | БИРО ЗА ПРОЦЕНА | 1 | 3 | 17 | 1 | 2 | 3 | 17 |
| 76 | МАКЕДОНСКА АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ | 0 | | | | | | |
| 77 | БИРО ЗА РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | 1 | 2 | 13 | 0 | 2 | 2 | 2 |
| 78 | СУДСКА ВЛАСТ | 1 | 6 | 12 | 1 | 0 | 4 | 12 |
| 79 | ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 0 | | | | | | |
| 80 | СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ | 0 | | | | | | |
| 81 | НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ | 1 | 7 | 11 | 1 | 0 | 7 | 11 |
| 82 | ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА | 1 | 15 | 89 | 1 | 15 | 15 | 89 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | | | | | | | |
| 83 | АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 1 | 4 | 6 | 2 | 3 | 4 | 6 |
| 84 | ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 1 | 5 | 61 | 0 | 2 | 5 | 57 |
| | Вкупно | 62 | 411 | 1432 | 58 | 218 | 435 | 1378 |

Од доставените известувања по однос на документирање на процесот на управување со ризици, притоа земајќи го предвид индикаторот за чекорот утврден на минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, известуваме дека:

„Во 2025 година, преку примена на новата Методологијата за управување со ризици кај јавните субјекти 62 буџетски корисници од прва линија (од вкупно 84 ) го документирале процесот на управување со ризици, односно изработиле и одобриле нови Регистри на ризици и истите ги доставиле до Министерство за финансии-Централна единица за хармонизација, што претставува постигнување од 74 процентни поени во процесот на документирање на ризиците.

Исто така нагласуваме дека, овие буџетски корисници кои доставија известувања до Министерство за финансии, во доставените Регистри на ризици имаат утврдени и ризици од корупција и мерки за надминување/ублажување на утврдените ризици, коишто мерки ќе треба да се спроведуваат во текот на 2026 година.

Врз основа на претходно наведеното, а имајќи предвид дека со Анекс 1 од Реформската агенда, во „Извор на верификација" за овој чекор е утврдено дека треба да има и т.н. „Извештај доставен до Владата", Министерството за финансии предлага Владата на Република Северна Македонија да го разгледа Извештајот за спроведувањето на чекорот „Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување„ од Област на политика 1.РЈА (вклучително и УЈФ) - Подобласт „Управување со јавни финансии„- реформа „Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола", утврден со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан – Реформска агенда за Република Северна Македонија 2024 – 2027" и го донесе следниот:

## ЗАКЛУЧОК

1. Владата на Република Северна Македонија го разгледа и усвои Извештајот за спроведувањето на чекорот „Минимум 70% од матичните буџетски корисници на централно ниво да имаат документ за управување со ризик, вклучително и антикорупцискиот ризик и ги евидентираат идентификуваните ризици во плановите за ублажување„ од Област на политика 1.РЈА (вклучително и УЈФ) - Подобласт „Управување со јавни финансии„- реформа „Зајакнување на јавната внатрешна финансиска контрола", утврден со Инструментот за реформи и раст за Западен Балкан – Реформска агенда за Република Северна Македонија 2024 – 2027.